**З А П И С Н И К**

Од 41 -тaседница на Советот на Општина Крива Паланка, одржана на 20.06.2024 година (четвреток) во салата на општина Крива Паланка'' со почеток во 12:00 часот.

**ЕВИДЕНЦИЈА НА ПРИСУСТВО НА СЕДНИЦА**

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Крива Паланка, Изабела Павловска.

Од 19 советници во Советот на општина Крива Паланка, на седницата беа присутни 19 советници.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**:

1. ИЗАБЕЛА ПАВЛОВСКА,

**СОВЕТНИЦИ**

2. МИХАИЛ ДЕЈАНОВСКИ
3. ТАЊА ДЕЈАНОВСКА МИТРОВСКА
4. НИКОЛА ЈАКИМОВСКИ
5. МЕРИ МИТРОВСКА ЈОВАНОВСКА
6. ВЛАТКО С.РИСТОВСКИ
7. МАРТИН ПОЦЕВСКИ
8. БИЛЈАНА КРСТЕВСКА
9. ДАНИЕЛ АНЃЕЛОВСКИ
10. СРЕТИМИР НИКОЛОВСКИ
11. ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ
12. АЛЕКСАНДРА ЈОВАНОВИЌ
13. СЛАЃАНА ВУЧЕВСКА ПЕТКОВСКА
14. ВИОЛЕТА СТАНКОВСКА СТАНОЈКОВСКА
15. ВЛАТКО Д.РИСТОВСКИ
16. ЛЕНЧЕ ИЛИЕВСКА
17. МЕНДЕ РИСТОВСКИ
18. МОМЕ КРСТЕВСКИ
19. СЛАВИЦА ПЕТКОВСКА

Претседателот со Советот констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинството советници на Советот и дека Советот може полноважно да одлучува.
На седницата исто така присуствуваа и:

Градоначалник на општина Крива Паланка Сашко Митовски

Раководител на сектор за локален економски развој и финансиски прашањанао пштина Крива Паланка Мартин Николовски

Раководител на сектор за правни работи, јавни дејности и поддршка на градоначалникот Даниела Велковска

Раководителна сектор за урбанизам,сообраќај заштита на животна средина и комунална инфраструктура Маја Костадиновска
Одделение за комунална инфраструктура и сообраќај
Марјан Алексовски
Раководител на Одделение на подршка на градоначалник,односи со јавност и информатичка технологија Сања Стојановска
Раководител на инспекциски надзор Бранко Велиновски
Раководител на Одделение за локален економски развој и евроинтеграции
Антонио Давитковски

Советник – овластен сметководител Димитар Петровски
Директор на ООУ Јоаким Крчовски Анета Станојковска
Директор на ООУ Илинден Лорета Димитровска
Директор на СОУ Ѓорче Петров Елена Ѓорѓиевска
Директор на ЈП Комуналец Далибор Стојановиќ
Претставник од ОУЈДГ Детелинка
Директор на ЛУ Градски музеј Драган Величковски

Председателот со Советот го стави на усвојување записникот од 40-та седница на Совет и истиот беше усвоен со18 гласа ЗА.

Претседателот на Советот даде објаснување за повлекувањето на точка 2 Предлог-Програма заизменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови Општина Крива Паланка за 2024 година од дневен ред на денешната седница на Совет на Општина .

Советничката Тања Д.Митровска имаше забелешка по однос на дневниот ред поточно за точкаПредлог-Одлука за давање согласност на Извештај за рабата на ЈП „Комуналец’ – Крива Паланка за 2023 година бидејќи неколку пати било дискутирано дека извештај за работа се носи пред завршна сметка а не сега во месец Јуни.Според советничката не би требало повеќе да има вакви ситуации и ако може серизно да биде сватена работата извештајот да се носи во месец Март кога е време за сите. Додека од страна на советничката беше пофалена Предлог -Одлука за усвојување на финансиски извештај за работа на ЈП Комуналец Крива Паланка за I–от квартал за периодот од 01.01.2024 година до 31.03.2024 година ;

**Д н е в е н   р е д:**

1.Предлог- Одлука за  давање согласност на годишниот план за вработување  за 2025 година  на ООУ „ЈОАКИМ КРЧОВСКИ“ КРИВА ПАЛАНКА;
2.Предлог-Одлука за давање  согласност на  Извештај  за рабата на ЈП „Комуналец’ – Крива Паланка за 2023 година;
3.Предлог -Одлука за усвојување на финансиски извештај за работа на ЈП Комуналец Крива Паланка за I–от квартал  за периодот од 01.01.2024 година до 31.03.2024 година ;
4.Предлог-Одлука за давање согласност за имплементирање и кофинансирање наПроект „Цело е кога има се“ ;
5.Советнички прашања

Председателот со Советот   го стави на усвојување дневниот ред на  41-та седница на Совет  и истиот е  усвоен со 18 гласа ЗА

**РАСПРАВА ПО ТОЧКА ОД ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог- Одлука за  давање согласност на годишниот план за вработување  за 2025 година  на ООУ „ЈОАКИМ КРЧОВСКИ“ КРИВА ПАЛАНКА;

   Претседателот со Советот отвори расправа по точката

   Советничката Ленче Илиевска постави прашање за бројот на предвидени вработувања до крајот на оваа година бидејќи во  овој годишен план за вработување  се ставени  5 вработувања додека претходната година во планот биле предвидени 3 вработувања за 2024 година. Додека  со измената има уште едно вработување и затоа советничката побара објаснување за кое вработување станува збор.

   Секретарот на ООУ Јоаким Крчовски даде образложение дека се работи за вработување по однос на инвалидска пензија.

   Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 17 советници , 11 гласа ЗА и 6 воздрќани   ,Советот донесе - **Одлука за  давање согласност на годишниот план за вработување за 2025 година  на ООУ „ЈОАКИМ КРЧОВСКИ“ КРИВА ПАЛАНКА;**

2. Предлог-Одлука за давање  согласност на  Извештај  за рабата на ЈП „Комуналец’ – Крива Паланка за 2023 година;

   Претседателот со Советот отвори расправа по точката

   Откако никој  не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници , 13гласа ЗА и 6 против   ,Советот донесе -

**Одлука за давање согласност на Извештај за рабата на ЈП „Комуналец' – Крива Паланка за 2023 година;**

3. Предлог Одлука за усвојување на финансиски извештај за работа на ЈП Комуналец Крива Паланка за I–от квартал за периодот од 01.01.2024 година до 31.03.2024 година ;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници , 13гласа ЗА и 6 против ,Советот донесе **- Одлука за усвојување на финансиски извештај за работа на ЈП Комуналец Крива Паланка за I–от квартал за периодот од 01.01.2024 година до 31.03.2024 година ;**

4. Предлог-Одлука за давање согласност за имплементирање и кофинансирање наПроект „Цело е кога има се" ;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници ,18гласа ЗА, Советот донесе - **Одлука за давање согласност за имплементирање и кофинансирање наПроект „Цело е кога има се" ;**

**Советнички прашања**

1.**Советничката Тања Д.Митровска**постави прашање по однос на забавената динамика на градежните активности кои се одвиваат на улица Свети Јоаким Осоговски бидејќи имало реакција од граѓани дека не се одвива како што треба и затоа советничката побара обаснување од стручните служби за да немаат граѓаните погрешно видување по однос на тоа.Исто така советничката побара објаснување за временски период за месец Јули и Август што се планира во тој дел за да има непречено функционирање во сообраќајот.

Раководител на сектор за урбанизам ,сообраќај заштита на животната средина и комунална инфраструктура Маја Костадиновска даде образложение по однос на прашањето од страна на советничката

2.Советничката Тања Д.Митровска имаше забелашка за патот и тоа на потегот од мотел Македонија накај т.н Руски пат до манастирот Свети Јоаким Осоговски каде постојно имало излевање на вода која се слевала по улицата и вршела оштетување на асфалтот.Советничката постави прашање до директорот дали го има разгледано овој проблем и што планира во иднина за решавање на истиот.

3.Советничката исто така имаше поставено прашање до директорот дали има направено слика за функционирањето на претпријатието и кои се неговите чекори односно што планира да направи за да ја подобри финансиската состојба и подобар квалитет на услугите кои ги дава претпријатието.

Директорот на ЈП Комуналец даде објснување на прашањата од страна на советничката.

**1.Советникот Влатко С.Ристовски** имаше поставено прашање до директорот на ЈП Комуналец што може да се преземе и направи со просторијата на старите градски гробишта за да биде ставена во функција за потреба на граѓаните .

Директорот немаше одговор за прашањето бидејќи не беше запознаен ќе биде разгледан предлогот на советникот и за истото ќе бидат известени советниците.

2.Советникот Влатко С.Ристовски исто така имаше поставено прашање до службите до каде е постапката за уредување на игралиштето во училиштето Партизан дали се работи на тоа бидејќи претходно имало најава или се уште не е отпочната постапката за уредување.

Градоначалникот даде објаснување.

**1.Советничката Билјана Крстевска**постави прашање до одделение за комунални работи дали при реконструкција на 5 градски мостови во градот се планирани пристапни рампи за лица со попреченост,колички за мали деца и велосипедисти.

Раководителот на Сектор Маја Костадиновска даде објаснување на прашањето од страна на советничката.

**1.Советничката Мери М.Јовановска**имаше поставено прашање до одделение за комунални работи зошто е отстрането детското катче во Градскиот парк во градот и што се планира во тој дел како и во другите населени места.

**2. Советничката Мери М.Јовановска**постави прашање до каде е решавањето на проблемот со кучињата скитници кои се се во поголем број во градот.

Раководителот на Сектор Маја Костадиновска даде објасување на прашањата од страна на советничката.

**1.Советничката Ленче Илиевска**постави прашање зошто се уште службите немаат одговорено на барање поднесено од страна на жители на с.Луке односно се работело за свлечиште во населбата Колибје кое на овие жители им претставува еден голем проблем.Исто така советничката имала поставено прашање и претходно кое било барање од жители а се работело за заштитната ограда на гробиштата во с.Луке и побара од службите објаснување до каде е постапката по однос на тоа.

Градоначалникот даде објаснување дека е запознаен за ова прашање и дека претставува посериозен проблем за решавање

2.Советничката Ленче Илиевска побара одговор на поднесено барање од жители на населба Домачки Дол кои живеат покрај долот кој не е уреден и секогаш кога има поројни дождови се прави уништување на истиот и претставува голам проблем на жителите во тој дел непречено да се движат дали се планира решавање на случајот и зошто до сега не е санирано истото .

Одделение за комунални работи Марјан Алексовски даде објаснување на прашањето

3.Советничката Ленче Илиевска постави прашање до каде е постапката за продажба на објектот кој се наоѓа над Европската куќа бидејќи на претходна седница имало точка на дневен ред по однос на ова прашање.

Раководител на сектор за правни работи, јавни дејности и поддршка на Градоначалникот,Даниела Велковска даде образложение по однос на прашањето од страна на советничката.

**1.Советникот Влатко Д.Ристовски** постави прашање до директорот што се планира во наредниот период за намалување на расходите за да се надмине финансиската ситуација и дали е точно бидејќи подолг период се зборувало дека се вршело притисок врз члeновите на Управниот одбор да се донесе одлука за ново задолжување и продажба на објектот кај Автобуската станица,маркет Николови кој е во сопственост на претпријатието.

2.Како друго прашање поставено од страна на советникот до директорот на ЈП Комуналец а се однесуваше за возилата кои се користат за зимското одржување на патиштата со каков договор се користат бидејќи се нерегистрирани и користат времени таблици.

Директорот даде објаснување на поставените прашања од страна на советникот.

Советникот Влатко Д.Ристовски постави прашање до градоначалникот зошто се користи приватна фирма за уредување на гробиштата кога има два скипа кои можат исто така да ја завршат работата без додатни трошоци.

Градоначалникот даде објаснување на прашањето од страна на советникот.

Советникот Влатко Д.Ристовски постави прашања дали има информација до каде е постапката за санација на свлечиштата кај Саат кула и накај Манастирот бидејќи се вршени одредени истражувања за истите.

Градоначалникот имаше дадено информација за прашањето од страна на советникот.

**1.Советничката Слаѓана В.Петковска**постави прашање до службите дали би можелода им му се наложи на изведувачот да постави семафор за двонасочен сообраќај со што ќе се регулира движењето во двата правца додека трае реконструкцијата на улицата Свети Јоаким Осоговски бидејќи се најавува

декаработата ќе продолжи дури во месец Септемвриа сите сме свесни според советничката дека најголеммата гужва во градот секоја година се случува во месец Август.

Раководителот на Сектор Маја Костадиновска даде одговор на поставеното прашање од страна на советничката.

**1.Советничката Виолета С.Станојковска** постави прашање кое исто така било барање од страна на жители од с.Градец кои имаат свои имоти таму и се постојано на тој дел од патот.Кога се планира враќање на преоритет на поврзување на тој дел на с.Градец со с.Осиче бидејќи имало започнато една фаза и било извршено делумно тампонирање кое поројните дождови го оштетиле и сообраќајот се одвива отежнато.Граѓаните барале доколку може да се обезбедат средства и да се направи тоа асфалтирање.

Како друго прашање поставено од страна на советничката Виолета С.Станојковска се однесуваше на проблемот на жителите на населба Бегови Бавчи и населба Лозаново поточно Трештен Дол бидејќи таму секој пороен дожд улицата е целосно непроодна каде се прави бара и граѓаните имаат проблем мораат да плаќаат такси за да си отидат во своите домови и би требало да се најде начин да се реши овој голем проблем.

Градоначалникот даде објаснување на прашањата поставени од страна на советничката

**1.Советникот Менде Ристовски** постави прашање до градоначалникот поточно се однесуваше за поднесено барање од негова страна и доставено во архивата на Општина дали истото е стигнато до градоначалникот и дали од негова страна е одговорено на истото а се однесувало за проблемот на жителите од с.Борово запрочистување на патот каде истиот е во многу лоша состојба и претставува голем проблем на жителите.

Градоначалникот даде објаснување

2.Како друго поставено прашање од страна на советникот до каде е потапката за отварањето и работата на Градскиот базен во градот.

3.Советникот Менде Ристовски имаше поставено прашање зошто во целост не се исполнуваат обврските предвидени во Програмата за работа на ЈП Комуналецодносно во делот на работата поврзана со метење ,перење и косење на улиците во втората и третата зона бидејќи секоја година се предвидуваат средства а не се реализираат во целост како и почесто да се врши празнење на контејнерите.

Градоначалникот даде објаснување

**1.Советникот Моме Крстевски** постави прашање до каде е постапката поставување на монтажни катни гаражи дали е изработена техничка документација и определени локациите за поставување на истите бидејќи на седница на Совет во месец Јануари имало донесено одлука за задолжување на

Општина Крива Паланка. Советникот побара ако може од службите да биде објаснето дали е одобрено тоа задолжување и до каде е постапката.

Градоначалникот даде објаснување

2.Како друго поставено прашање од страна на советникот Моме Крстевски побара да биде објаснето до каде е постапката за изготвување на техничка документација за водоснабдување во с.Мождивњак и постапката за нејзино одобрување.

Градоначалникот даде објаснување

3.Советникот Моме Крстевски постави прашање до директорката на ООУ Илинден дали е запознаена дека оградата на подрачното училиштето во с.Мождивњаккое се наоѓа на магистралниот пат А2од североисточна страна е сосема руинирана и распадната и дали се планира нешто за решавање на овој проблем.

Директорката Лорета Димитровска даде објаснување на поставеното прашање од страна на советникот.

1.**Советникот Дане Милошевски** имаше своја дискусија и даде свои видувања за решавање на проблемот со кучиња скитници како и за поставување на пристапни рампи на кој начин може да се вклопат на мостовите .

2.Советникот Дане Милошевски имаше поставено прашање до директорот на ЈП Комуналец дали планира во иднина со преземање на селските гробишта и истите дали може да бидат исчистени и оградени.

3.Советникот имаше поставено прашање до одделение за урбанизам дали објектите кои се веќе во градба или завршна фаза од другата страна на бензинската на Макпетрол имаат одобрение за градба и треба да имаат извадени дозволи .

Раководителот на Сектор Маја Костадиновска даде објаснување

4.Колку има поставено времени објекти на државно земјиште во градот и колкав е годишниот приход од истите.

Раководителот на Сектор Маја Костадиновска даде објаснување дека ќе биде одговорено подетално во писмена форма ако има потреба

5.Дали ЕВН плаќаат данок за нивните објекти и дали се во нивна сопственост.

Градоначалникот даде објаснување

6.Дали правните субјекти кои го користат подземно изградениот објект од Општината до стара автобуска имаат дозвола за користење и колкав е годишниот приход од истите.

Градоначалникот даде објаснување

7.Советникот постави прашање до директорот на ЈП Комуналец дали имаат сознание за неприклучени граѓани на градска канализација и ако има што се има преземено.

Раководителот на инспекциски надзор даде објаснување но ако има потреба ќе биде одговорено и во писмена форам.

8.Дали се врши наплата за користење на локалните патишта од стопанските субјекти.

Градоначалникот даде објаснување

Записничар
Клара Стевановска

Претседател на Совет
Изабела Павловска